За објавување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2022 година

Се објавува Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2022 година, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-497/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15,37/16 и „Службен весник на РСМ“ БР.257/20), член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020) Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2022 ГОДИНА

Вовед

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на РСМ“ БР.257/20), заштитата на населението од заразни болест претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки. По потреба се спроведуваат и вонредни мерки. Епидемиолошкиот надзор го организираат спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје.

Овие мерки вклучуваат:

1.Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;

2.Отстранување на отпадните води и цврстите отпадни материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;

3.Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти: (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);

4.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;

5.Обезбедување на превентивно- промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести- поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување на заразни болести;
4. Епидемиолошки испитувања;
5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;

6. Карантин и здравствен надзор;
7. Здравствені прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
8. Имунизација и хемиопрофилакса;
9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисијата за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

Активности

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и други заболувања на територијата на општина Василево.

Општите мерки и активности ги организира и следи општина Василево, во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје-Струмица. За заштита на населението од заразни болести во општина Василево, во 2022 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

1.Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата од регионалните водоводи и водоводите кои се во сопственост на МЗ;

2.Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи;

3.Отстранување на цврстиот отпад, на отпад од вишок на земјоделски производи и отпадните води, на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;

4.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено – технички мерки во населени места и други јавни површини;

5.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

1.1 Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата од регионалните водоводи во Општина Василево во 2021 година ќе продолжи да врши ЈЗУ Центар за јавно здравје - Струмица. Редовниот мониторинг се спроведува еднаш месечно се зимаат примероци од регионалните водоводи и од водоводите со кои стопанисуваат МЗ. Месечните извештаи за исправност се доствуваат до Општината, од кои се гледа исправноста на водата за пиење. Доколку извештаите се негативни Општината презема мерки за отстранување на истите и за доведување на водата во исправна состојба за пиење.

2.1.Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи. Децата и учениците се

најосетливата категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања се вршат и редовните контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје. Врз основа на теренските увиди сите училишта и градинки добиваат извештај за најдената состојба, со предлог мерки за подобрување доколку е потребно. Секоја година пред почетокот на учебната година се изведува ДДД во училшните простории и предучилишните установи а по потреба и во текот на учебната година

3.1.Правилно и навремено отстранување на цврст отпад, вишок на производи од земјоделски култури и отпадни води Според Одлуката за комунален ред на општина Василево, организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши Јавното претпријатие „Турија " Василево. Населените места во Општина Василево не се целосно покриени со канализациска мрежа (фекална и атмосферска) и затоа за одредени канализациони мрежи се грижи Јавното претпријатие „Турија "Василево а за оние кои не се под ЈП, се грижат МЗ од населените места од несовесното користење на канализацијата од граѓаните.

Контролни мерки:
-Изготвување на флаери и плакати за правилна дистрибуција на цврстиот отпад. Флаерите да се дистрибуираат со сметките за вода и отстранување на отпадот, а плакатите да се постават на регуларни места и на контејнерите за отпад.

4.1.Спроведување на превентивна дезинфекција,дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини. Законот за заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизацја во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи, зелени пазари, канализации, депонии и друго. Спроведувањето на ДДД во установите и другите јавни објекти ќе се врши врз основа на побарувања или склучени договори помеѓу ЈЗУ и ЦЈЗ Струмица или други правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со закон и прописите донесени врз основа на него и корисниците на овие услуги. Препораки за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација би биле: вршење на превентивна дезинсекција на критични точки во населени места каде што има настанато диви депонии на цврст отпад од домаќинствата или вишок на земјоделски производи.

Р.бр	**КРИТИЧНИ МЕСТА**
1.	По течението на река Струмечница од с.Дукатино до с.Пиперево
2.	По течението на река Турија од атарот на с.Доброшинци до с.Пиперево
3.	Регионална депонија во Доброшинци

Овие активности ќе се спроведат во согласност со Акциониот план доставен од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Струмица кој е прилог на Програмата.

5.1.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението. Општината во соработка со Центарот за јавно здравје ке го

планираат и организираат спроведувањето на промоција на здравјето и превенцијата од заразни болести. Во зависност од случувањата ќе се спроведуваат и типизирани предавања на учениците од основното и средното образование за заштита од заразни болести.

Финансирање

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Василево за 2022 година, според програмата средствата за дезинсекција и дератизација во висина од 250.000,00 денари.

Известување

Известувањето и информирање на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, локалните медиуми, соработка на општината со МЗ, здружение на пчелари итн, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот и начинот на изведување.

Мониторинг

Покрај претставник од локалната самоуправа мониторинг над спроведувањето на превентивните активности на општина Василево за заштита на населението од заразни болести ќе врши и претставник од Центарот за јавно здравје како и претставник од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Василево.

08-497/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
година Претседател

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Ново Село

Се објавува Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Ново Село, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-498/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработака (Службен Весник на РМ бр. 79/09), член 14 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 05/2002) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на општина Василево на седница одржана на 30.03.2022 година донесе

О Д Л У К А

За утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Ново Село

Член 1

Советот на општина Василево утврдува предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Ново Село. Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработака е покренат од Градоначалникот на општина Василево бр.08-398/1 од 16.03.2022година.

Член 2

Меѓуопштинска соработка ќе се остварува со вршење на определени работи од страна на општина Ново Село за општина Василево.

Член 3

Работи кои општина Ново Село ќе ги извршува за општина Василево се од областа на располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија. (Односно вработено лице во општина Ново Село со овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија да биде член на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање и да врши други работи од областа на располагање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија).

Член 4

Работите и работните задачи што ги извршува вработеното лице во општина Ново Село кое е со овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија да ги врши во име и за сметка на општина Василево.

Член 5

Општина Ново Село работите од областа на располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Василево да ги извршува за време од 1(една) година.

Член 6

Општина Василево работите од областа на располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Василево да извршува додека вработените во Општина Ново Село не се стекнат со овластување за управување со градежно земјиште.

Член 7

За работното ангажирање на вработеното лице од општина Ново село, Општина Василево се обврзува да исплаќа финансиски средства за патни и дневни трошоци, согласно законските прописи.

Член 8

За вршење на работите од членот 3 на оваа одлука Општина Василево со Општина Ново Село ќе склучат договор со кој поконкретно ќе се утврди видот на работите, извршителот на работите, начинот на извршувањето и висината на надоместокот за извршените работи. Договорот ќе го склучат Градоначалникот на општина Ново Село и Градоначалникот на општина Василево.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави

во „Службен гласник на општина Василево“.

08-498/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
Година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на АД Водостопанство на РМ-Скопје, подружница “Струмичко Поле” Струмица за 2022 година

Се објавува Одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на АД Водостопанство на РМ-Скопје, подружница “Струмичко Поле” Струмица за 2022 година, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година

08-499/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
Година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А

За донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на АД Водостопанство на РМ-Скопје, подружница “Струмичко Поле” Струмица за 2022 година

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на АД Водостопанство на РМ-Скопје, подружница “Струмичко Поле” Струмица за 2022 година

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-499/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
Година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на

РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за донесување на План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Василево (2022-2025).

Се објавува Одлуката за донесување на План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Василево (2022-2025), донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година

08-500/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А

За донесување на План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Василево (2022-2025).

Член 1

Со оваа Одлука се донесува План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Василево (2022-2025).

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-500/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмама за третирање на животните бездомници на подрачјето на Општина Василево за 2022 година

Се објавува Програмата за третирање на животните бездомници на подрачјето на Општина Василево за 2022 година, донесена на Седница на Советот на

Општина Василево, одржана на ден 28.02.2022 година.

08-501/2 31.03.2022 година

Општина Василево Градоначалник Славе Андонов

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) ,член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и член 22 од Статутот на Општина Василево -Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за третирање на животните бездомници на подрачјето
на општина Василево за 2022 година

1. Вовед

Програмата за контрола на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на Општина Василево за 2022 година, има за цел да го прикаже видот и обемот на работите за одржување на конролата на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на сите населените места во општината, како и начинот на нивното финансирање.

Редовната контрола на бездомните кучиња ќе се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операци. прикажани во табеларните прегледи.

2. Организација на контролата на популацијата на бездомни кучиња

Реализацијата на Програмата се спроведува преку:

- Одржување на контролата на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на општина Василево како и депонијата во населеното место Доброшинци.

1.Контролата на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на Василево и населените места како и депонијата во населеното место Доброшинци.

Општината преку свој преставник како секоја година и оваа година изврши теренска контрола на својата територија при што беа мапирани сите бездомни кучиња нивните локации како и нивниот пол. Според дадените информации изготвено е табеларен приказ на бездомни кучиња во општина Василево.

Ред.Бр.	**Населени Места**	**Локација**	**машки**	**женски**	**вкупно**
1.	Василево	Пред ООУ Гоце Делчев	1	1	2
2.	Нова Маала	Пред ООУ Атанас Нивичански	1	1	2
3.	Доброшинци	Регионална депонија	3	3	6
вкупно			5	5	10

Во другите населени места во општина Василево нема бездомни кучиња од причина што во овие населени места нема јавни објеки кои се занимаваат со

производство и дистрибуција на храна. Мапирање на бездомните кучиња ке се врши континуирано.

3. Заловување на бездомни кучиња на територијата на општина Василево

Заловувањето на бездомните кучиња ќе го врши ДТУ„АНРИ ВЕТ" од Стојаково општина Богданци, прифатилиште кое е одобрено од АХВ со кој општината има склучено договор. Целта на заволувањето е да се изврши:

1. Обележување на бездомните кучиња со поставување на околовратник во боја или ушна маркица
2. Преглед и проверка дали кучињата се позитивни на лајшманиоза
3. Прегледување и вакцинирање од заразни болести
4. Поставување на микрочип за следење
5. Кастирање и стерализирање
6. Еутанизација
7. Спроведување на тест за социјализација

1. Обележување на бездомните кучиња ќе се прави со поставување на околувратник во боја или ушна маркица се со цел да се познаваат кои кучиња се бездомни а со тоа ќе се има целосна контрола над нив.

2. Со кучињата кои ќе бидат позитивни на лајшманиоза ќе се постапува согласно актуелната годишна наредба за здравствена заштита на животните ќе го утврди ветеринарел лекар од ДТУ„АНРИ ВЕТ" од Стојаково, прифатилиште кое е одобрено од АХВ.

3. Прегледувањето на бездомните кучиња ке го врши ветеринарен лекар од правниот субјект ДТУ„АНРИ ВЕТ„ се со цел да се види во каква здравствена состојба се и истите од страна на ветеринарниот лекар ке бидат вакцинирани од заразни болести.

4. Поставување на чип за следење е од голема важност за општината преку овој чип ке може да се следи движењето на бездомните кучиња односно нивно мигрирање од една локација на друга. Со поставувањето на чипови ќе се има поголема контрола на бездомните кучиња.

5. Кастрирањето и Стерелизацијата е со цел да не се зголеми популацијата на бездомните кучиња на територијата на општина Василево. Овие операции ке ги прави ветеринарен лекар на правниот субјект ДТУ„АНРИ ВЕТ, во содветни ветеринарни простори кои се пропишани со закон.

6. Еутанизацијата може да се случи од две причини:

- кога некои од бездомното кучиња има заразна болест која може да се пренесе на лугето и животните
- Бездомните кучиња кои се многу агресивни и се потенцијална опасност за жителите на општина Василево.

Еутанизацијата веднаш не се прави. Прво се прават одредени чекори односно кога некое од бездомните кучиња се утврди дека е заболено од заразна болест истото ќе се изолира во посебна просторија и ќе биде под карантин. Ветеринарниот лекар ке се обиде да го излекува, ако не може да се излекува тогаш се еутанизира.

7. Спроведување на тест за социјализација

Секое заловено бездомно куче треба да биде проверено на агресивност, односно од страна на овластено лице да му се изврши тест за социјализација. Доколку кучето не го положи тестот за социјализација, истото се прогласува за опасно и не може да биде вратено на реонот на заловување, а само може да биде вдомено. Тоа куче треба да се понуди на вдомување преку медиуми, социјални

мрежи, оглас веб стран и слично и огласот да трае најмалку 20 дена. По 30 дена сметајќи од денот на вршење на тестот за социјализација, ако никој не сака да го вдоми кучето, истото се еутаназира.

Секое куче кое ќе излезе од прифатилиште (вратено, вдомено) треба да биде идентификувано со микрочип а податоците треба да бидат внесени во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (тоа го прави ветеринарното друштво од прифатилиштето).

4. Извршител на програмата

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ДТУ„АНРИ ВЕТ" Стојаково, општина Богданци. ДТУ„АНРИ ВЕТ" Стојаково, прифатилиште кое е одобрено од АХВ, кое ќе изготвуви Годишен извештај за работа, кој го содржи описот на услугата и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата по населени места преглед за секое населено место, како и потребните средства кои се дадени во табелата по опис на услуга.

1	2	3	4	5	6
Опис на услугата	Единица мерка	Количина	Единечна цена без ДДВ	Вкупна цена без ДДВ (3*4)	ДДВ
Заловување и транспорт до прифатилиште, враќање во реонот	број	1	3500	3500	630
Преглед	број	1	300	300	54
Лабараториско испитување на Лајшманија	број	1	1000	1000	180
Вакцинирање против беснило	број	1	500	500	90
Стерилизација (кастрација) за куче-машко	број	1	1000	1000	180
Стерализација (овариоктомија) за куче женско	број	1	2000	2000	360
Дехелменитзација (обезпаризитување)	број	1	100	100	18
Идентификација (микрочип и околувратник во боја)	број	1	1000	1000	180
Еутаназија	број	1	1000	1000	180
Заловување и транспорт до прифатилиште, транспорт до депонија	број	1	50	50	9

Асистенција за заловување на агресивни кучиња со фаталка (со вклучен превоз)	број	1	50	50	9
Асистенција за заловување на агресивни кучиња со амазонка-дувалка со соодветен анестетик (со вклучен превоз)	број	1	50	50	9
Престој во прифатилиште од ден	број	1	500	500	90
Спроведување на тестот за социјализација	број	1	1000	1000	180
Се вкупно без ДДВ: 12050 денари (дванаесет илјади и педесет денари) Вкупен износ на ДДВ изнсува 2169 денари (две илјади сто шеесет и девет денари)					

Цените за работите околу одржувањето, и контролата на популацијата на бездомните кучиња, кои ги врши ДТУ,,АНРИ ВЕТ,, од Стојаково се дефинирани согласно понудата за ваков вид на услуги.

6. НАДЗОР

Надзор над извршувањето на оваа програма врши Градоначалникот на општина Василево

Инспекциски надзор врши овластениот комунален инспектор на општина Василево.

7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Василево”.

08-501/1 Совет на општина
31.03.2022 Василво
Година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев“ Василево за 2021 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев“ Василево за 20201 година, донесен на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-502/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
Година Славе Андонов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев“ Василево за 2020 година

1.Се усвојува Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев“ Василево за 2020 година

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Василево.

08-502/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
Година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ Гоце Делчев - Василево за 2022 година

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ Гоце Делчев -

Василево за 2022 година, донесена на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-503/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 20 а и член 20 б од Законот за вработените во јавниот сектор (Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ " бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/2019; 14/2020; 95/2020; 302/2020), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/2019; 14/2020) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 30.03.2022 година донесе

О Д Л У К А
За давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ Гоце Делчев Василево за 2022 година

Член 1

Се дава согласност на Годишен план за вработување на ООУ Гоце Делчев Василево за 2022 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Василево.

08-503/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
Година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ„ Прва радост“ Василево за 2021 година.

Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ„ Прва радост“ Василево за 2021 година, донесен на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-504/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот

на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ„ Прва радост“ Василево за 2021 година

1.Се усвојува Завршна сметка на ЈОУДГ„ Прва радост“ Василево за 2021 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Василево.

08-504/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Атанас Нивичански“ – с. Нова Маала за 2021 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Атанас Нивичански“ – с. Нова Маала за 2021 година, донесен на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-505/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
Година Славе Андонов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Завршна сметка на ООУ „Атанас Нивичански“ Нова Маала за 2021 година

1.Се усвојува Завршна сметка на ООУ „Атанас Нивичански“ Нова Маала за 2021 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Василево.

08-505/1 Совет на Општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот

на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за збратимување на Општина Василево – Р.Северна Македонија и Општина Понтенуре – Р.Италија

Се објавува Одлуката за утврдување на предлог за збратимување на Општина Василево – Р.Северна Македонија и Општина Понтенуре – Р.Италија, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-506/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 14 став 4 и 5, и член 36 став.1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево" бр. 12/2020) Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе:

О Д Л У К А

За збратимување на општина Василево – Р. Северна Македонија и општина Понтенуре – Р. Италија

Член 1

Со оваа одлука се уредува збратимувањето на општина Василево – Р Северна Македонија и општина Понтенуре – Р. Италија.

Член 2

Збратимувањето е официјален свечен чин на меѓусебна меѓународна соработка меѓу двете општини.

Меѓународната соработка ќе се воспостави на повеќе различни нивоа помеѓу двете локални самоуправи во правец на размена на мислења, идеи преку билатерални посети, контакти и размена на искуства во областа на економијата, образованието, културата, спортот, социјалната сфера, туризам и други области.

Член 3

Збратимувањето ќе биде потврдено со потпишување на протокол за соработка од двете општини.

Протоколот во име на општина Василево ќе го потпише Градоначалникот на општината.

Член 4

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Василево".

08-506/1 Совет на Општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Кецо Рецепова од с.Василево

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Кецо Рецепова од с.Василево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-507/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на Кецо Рецепова

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 25.000 денари на Кецо Рецепова од с.Василево.

Член 2

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2022 година, а ќе се исплатат на сметка на нејзиниот сопруг Јашар Рецепов од с.Василево.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-507/1 Совет на Општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Ловечко друштво „Гоце Делчев” од Босилово

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Ловечко друштво „Гоце Делчев” од Босилово, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-508/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст

(„Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

Одлука
за одобрување на финансиски средства на Ловечко друштво „Гоце Делчев” од Босилово

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 15.000 денари на Ловечко друштво „Гоце Делчев” од Босилово за организирање на ловечка вечер на ден 12.03.2022 година.

Член 2

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2022 година , а ќе се исплатат на сметка на Ловечко Друштво „Гоце Делчев” од Босилово.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-508/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Ирена Танчева

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Ирена Танчева од с.Самоилово бр.5, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-509/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на Ирена Танчева

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 6.000 денари на Ирена Танчева од с.Самоилово бр.5.

Член 2

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2022 година, а ќе се исплатат на сметка на Ирена Танчева од с.Самоилово бр.5.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-509/1 Совет на Општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Црковен Одбор од с.Радичево

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Црковен Одбор од с.Радичево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-510/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на Црковен Одбор од с.Радичево

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 30.000 денари на Црковен Одбор од с.Радичево за изработка на иконите во црквата св.Богородица (бела црква) во с.Радичево**.**

Член 2

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2022 година, а ќе се исплатат на сметка на Живко Николов од с.Радичево бр.5.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-510/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
година Претседател

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на

РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на КУД Сушевски Бисери од с.Сушево

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на КУД Сушевски Бисери од с.Сушево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-511/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на КУД Сушевски Бисери од с.Сушево

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 20.000 денари на КУД Сушевски Бисери од с.Сушево, по повод концерт на културно уметничкото друштво за Велигден.

Член 2

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2022 година, а ќе се исплатат на сметка на КУД Сушевски Бисери од с.Сушево.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-511/1 Совет на Општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за овластување на ЈПКД Турија Василево за одржување и реконструкција на јавното осветлување во населените места Радичево и Дукатино

Се објавува Одлука за овластување на ЈПКД Турија Василево за одржување и реконструкција на јавното осветлување во населените места Радичево и Дукатино,

донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-512/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), и член 22 од Статутот на општина Василево-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Василево” бр12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за овластување на ЈПКД Турија Василево за одржување и реконструкција на јавното осветлување во населените места Радичево и Дукатино

Член 1

Со оваа одлука се овластува ЈПКД „Турија” Василево за одржување и реконструкција на јавното осветлување во населените места Радичево и Дукатино.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Василево”.

08-512/1 Совет на Општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Буџетски календар за 2022 година

Се објавува Буџетски календар за 2022 година, донесен на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-513/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11,192/15,209/18, и службен весник на РСМ бр.244/1982/20, 5, 53/21, 77/21, 150/21) и член 22 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на Општина Василево бр.12/20), Советот на општина Василево на седница одржана на 30.03.2022 донесе

Буџетски календар за 2022

Датум на извршување	Активност
Декември	Советот на општината го донесува буџетскиот календар
Април-Мај	Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници
Јуни	Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции
Јули-Август	Оделението за буџет врши преговарање и анализирање на доставените предлог - пресметки, врши анализа и на кварталните извештаи ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-Буџет
Август	Градоначалникот ги разгледува новите барања и преслози и по нив одлучува и дава
Најдоцна до 30 Септември	Министерот за финансии доставуваа буџетски циркулар со насоки за изготвување на Педлог-буџетот за наредната година
До 20 Октомври	Се изготвуваат нацарт програмите и Градоначалникот ги доставува до Советот Се одржуваат јавни расправи
Најдоцна до 15 Ноември	Советот ги донесува програмите
Декември	Одделение за финансиски прашања изготвува Педлог Буџет на општината и Градоначалникот го доставува до Советот на општината
Крај на Декември	Педлог Буџетот го разгледува комисијата за финасирање и буџет се закажува седница на советот на општината за донесување на Буџетот за наредната година
Јануари	Почеток новата Буџетска година

бр 08-513/1
31.03.2022

Претседател на совет на
Општина Василево
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот

на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Војо Џингарски од с.Доброшинци

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Војо Џингарски од с.Доброшинци, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-514/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на Војо Џингарски од с.Доброшинци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 70.000 денари на Војо Џингарски од с.Доброшинци, за организација на турнир во мал фудбал по повод велигденските празници во с.Доброшинци.

Член 2

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2022 година, а ќе се исплатат на сметка на Војо Џингарски.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-514/2 Совет на Општина
31.03.2022 Василево
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на Војо Џингарски од с.Доброшинци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 70.000 денари на Војо Џингарски од с.Доброшинци, за организација на турнир во мал фудбал по повод

велигденските празници во с.Доброшинци.

Член 2

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2022 година, а ќе се исплатат на сметка на Војо Цингарски.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-514/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Пепи Беќарски од с.Василево

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Пепи Беќарски од с.Василево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-515/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на Пепи Беќарски од с.Василево

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 30.000 денари на Пепи Беќарски од с.Василево, за организирање на натпревар во влечење на трупци во с.Василево по повод празникот Велигден.

Член 2

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2022 година, а ќе се исплатат на сметка на неговиот татко Атанас Беќарски.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-515/1 Совет на Општина
31.03.2022 Василево
година Претседател

Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Василево за 2022 година

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Василево за 2022 година, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-516/2	Општина Василево
31.03.2022	Градоначалник
година	Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020) Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Василево за 2022 година

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Василево за 2022 година (Службен гласник на општина Василево бр.12/2021) се вршат измени и дополнувања :

Во точка VI.4. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште **се менува**:

Во табелата за висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за основен степен за населените места од ГРУПА 1 (Василево, Ангелци, Градошорци, Пиперево, Владевци, Сушево и Нова Маала) и ГРУПА 2 (Едрениково, Седларци, Доброшинци, Висока Маала, Радичево, Дукатино и Чанаклија) ќе изнесува:

- **За Класа на намена А и тоа А0; А1; А1 и А3 од ГРУПА 1 ќе изнесува 250 ден/м^2**

- **За Класа на намена А и тоа А0; А1; А1 и А3 од ГРУПА 2 ќе изнесува 200 ден/м^2**

2. За започнатите постапки за издавање на Одобрение за градење кои не се завршени до дент на влегување во сила на оваа Програма, постапката ќе продолжи со примена на одредбите од оваа измена во Програмата уредување на градежното земјиште во општина Василево за 2022 година.,

3.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на

објавување во „Службен гласник на
општина Василево“.

08-516/1 Совет на Општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 3 04 Април 2022 година примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина 7-та седница

Дневен ред за седмата седница на Советот на општина Василево

1. Одлука на Управниот одбор на ЈПКД „Турија“, Василево за усвојување на Годишната сметка на ЈПКД„Турија“, п.о Василево за 2021 год. бр. 02-154/3 од 23.02.2022 година……03
2. Одлука на Управниот одбор на ЈПКД „Турија“, Василево за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2021 година бр. 02-159/1 од 24.02.2022 година……..04
3. Правилник за субвенционирање на домаќинствата во општина Василево за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди…….05
4. Акционен план за ставање под контрола на вектор преносливите заболувања со примена на краткорочни и долгорочни мерки во општина Василево……..07
5. Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2022 година……...……08
6. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Ново Село……12
7. Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територијата во надлежност на АД Водостопанство на РМ-Скопје, подружница „Струмичко поле“, Струмица за 2022 година……...14
8. План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Василево (2022-2025)……15
9. Програма за третирање на животните бездомници на подрачјето на општина Василево за 2022 година……15
10. Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев“, Василево за 2021 година……..20
11. Годишен план за вработување на ООУ „Гоце Делчев“, Василево за 2022 година……..20

12. Завршна сметка на ЈОУГД „Прва радост“, Василево за 2021 година…...21
13. Завршна сметка на ООУ„Атанас Нивичански“, с. Нова Маала за 2021 година……..22
14. Одлука за збратимување на општина Василево, Република Северна Македонија и општина Понтенуре, Република Италија…….22
15. Одлука по барање за финансиски средства поднесено од Кецо Реџепова од с. Василево…….23
16. Одлука по барање финансиски средства за организирање ловечка вечер поднесено од ЛД „Гоце Делчев“, од Босилово……24
17. Одлука по барање за финансиски средства поднесено од Ирена Танчева од с. Самоилово……..25
18. Одлука по барање за финансиски средста поднесено од Црковен одбор од с. Радичево……..26

Градоначалникот на Општина Василево,

19. Барање за парични средства од КУД „Сушевски бисери“, с. Сушево…..26

20. Одлука за овластување на „ЈПКД „Турија“ Василево за одржување и реконструкција на јавното осветлување во населените места Радичево и Дукатино…….….……..27

21. Буџетски календар за 2022 година……....28

22. Барање за финансиски средства од Војо Џингарски, с. Добрашинци…...30

23. Барање финансиски средства од Пепи Беќарски, с. Василево……...31

24. Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Василево за 2022 година……32

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Заклучок за давање согласност на Годишната сметка на ЈПКД “Турија” п.о. Василево за 2021 година бр.02-154/1 од 24.02.2022 година

Се објавува Заклучокот за давање согласност за усвојување на Годишната сметка на ЈПКД “Турија” п.о. Василево за 2021 година бр.02-154/1 од 24.02.2022 година, донесен на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-493/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/2019)и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за давање согласност на Годишната сметка на ЈПКД “Турија” п.о. Василево за 2021 година бр.02-154/1 од 24.02.2022 година

1.Советот на општина Василево дава согласност на Годишната сметка на ЈПКД “Турија” п.о. Василево за 2021 година бр.02-154/1 од 24.02.2022 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е и Годишната сметка на ЈПКД “Турија” п.о. Василево за 2021 година бр.02-154/1 од 24.02.2022 година

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево„.

08-493/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен

текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Турија“, Василево за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2021 година бр.02-159/1 од 24.02.2022 година

Се објавува Заклучокот за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Турија“, Василево за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2021 година бр.02-159/1 од 24.02.2022 година, донесен на Седницата на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-494/2 Општина Василево
31.03.20222 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 11 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/2019)и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К

За давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Турија“, Василево за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2021 година бр.02-159/1 од 24.02.2022 година

1.Советот на Општина Василево дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Турија“, Василево за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2021 година бр.02-159/1 од 24.02.2022 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е и Одлуката за распоредување на добивката остварена по годишна сметка и финансискиот извештај за 2021 година бр.02-159/1 од 24.02.2022 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Василево.

08-494/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на

РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Правилник за субвенционирање на домаќинствата во Општина Василево за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди

Се објавува Правилникот за субвенционирање на домаќинствата во Општина Василево за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди, донесен на Седницата на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-495/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
Година Славе Андонов

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Василево бр. 12/20), Советот на општина Василево на својата редовна седница го донесе следниот

П Р А В И Л Н И К
за субвенционирање на домаќинствата во Општина Василево за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат начинот, постапката и критериумите за субвенционирање на домаќинствата во Општина Василево за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди, заради поголема употреба на електричната енергија како извор на енергија и затоплување на станбениот простор во кој живеат со цел заштита на животната средина и намалување на емисијата на штетни гасови кои се ослободуваат со користење на други извори на загревање.

Член 2

Со право на субвенционирање на трошоците за набавка и монтирање на високоефикасни инвертер клима уреди можат да се стекнат носители на домаќинства кои живеат на територијата на Општина Василево, кои за затоплување на станбениот простор во кој живеат користат тврди и фосилни горива.
Како носител на домаќинството се смета сопственикот на станбениот простор односно обврзникот на данокот на имот за станбениот простор во кој живее домаќинството или кој на друг начин ќе докаже дека е носител на домаќинството.
Како станбен простор во кој живее домаќинството се смета недвижниот имот во кој носителот на домаќинството има живеалиште.
Носителот на домаќинството го докажува правото на сопственост на станбениот простор во кој живее домаќинството со имотен лист, правен основ, решение за данок на имот или друг соодветен доказ, а живеалиштето го докажува со важечка лична карта и патна исправа.
Две или повеќе домаќинства кои живеат во посебни делови од еден ист станбен објект, кои не се физички поделени, а претставуваат

функционални целини, се сметаат за посебни домаќинства доколку имаат засебни струјомери и водомери или доколку тоа го потврдат со изјава заверена на нотар.
Доколку две или повеќе домаќинства живеат во различни станбени единици на еден ист сопственик, тоа го докажуваат со изјава заверена на нотар.

Член 3

Распределбата на средствата за субвенционирање ќе се врши врз основа на јавен повик, според редоследот на поднесување на пријавите, кој ќе биде објавен од страна на Општина Василево на огласната табла на општината, на интернет страницата на Општина Василево и на официјалната мрежа т.е фан страната на градоначалникот на Општина Василево. Рокот за пријавување по јавниот повик ќе биде најмалку пет работни дена.
Начинот, рокот и поблиските критериуми за пријавување ќе бидат определени во јавниот повик.
Распределбата на средствата ќе се врши врз основа на уредна и комплетна документација, според редоследот на аплицирање.

Член 4

За спроведување на постапката по јавниот повик, градоначалникот на Општина Василево формира комисија составена од пет членови, од кои три членови од вработените во општинската администрација и два членови од членовите на Советот на Општина Василево. По прибирањето и проверката на документите, комисијата од ставот 1 на овој член изготвува листа на прифатливи баратели за субвенционирање.
Градоначалникот на Општина Василево, врз основа на листата од ставот 2 на овој член, донесува решение за субенционирање на прифатливиот број на баратели, по што конечната листа со добитници на субвенции се објавува на интернет страницата на Општина Василево.
Добитниците на субвенции кај кои нема да се затекне монтирана климата за која добиле субвенции, ќе го изгубат правото на субвенционирање и ќе бидат должни да го вратат на Општина Василево износот на искористената субвенција.

Член 5

Едно домаќинство може да добие и да искористи субвенција во максимален бруто износ од 20.000 денари, во кој износ влегуваат трошоците за набавка и монтажа и данокот на личен доход.
Максималниот број на домаќинства кои можат да добијат и да користат субвенција изнесува 40 домаќинства.
Во зависност од искористувањето на субвенциите, доколку има преостанати расположливи средства, градоначалникот може да донесе дополнително решение за субвенционирање на одреден дополнителен број од наредно рангираните баратели од листата .
Средствата за субвенциите се планирани од Буџетот на Општина Василево за 2022 година, во вкупен износ од 800.000 денари.

Член 6

Субвенцијата може да се искористи за купување и монтажа на еден или повеќе високоефикасни инвертер клима уреди од трговски друштва и трговци поединци кои се регистрирани и вршат трговија, одржување и поправка на клима уреди.

За високоефикасни инвертер клима уреди се сметаат инвертер клима уреди со работна температура за греење од минимум -15 целзиусови степени, со енергетска класа на ладење минумум А и енергетска класа на греење минимум А и со коефициент на ефикасност SEER миниум 5.10 и SCOP минимум 3.5.

Член 7

Начинот на користење на субвенцијата е со рефундирање на направените трошоци за набавка и монтажа на високоефикасен инвертер клима уред на трансакциската сметка на добитникот на субвенцијата.
Доколку барателот на субвенцијата бара рефундирање на направените трошоци за набавка и монтажа на уредот, до Василево треба да достави барање кон кое треба да приложи фискална сметка или фактура со извод од банка за извршеното плаќање и копија од трансакциската сметка на која бара да биде извршено рефундирањето на средствата.

Член 8

Пред исплатата на средствата корисникот на субвенцијата задолжително треба да достави до Општина Василево изјава заверена на нотар дадена под материјална и кривична одговорност дека се обврзува субвенционираната клима да ја инсталира во местото на живеење кое се наоѓа во општина Василево, и дека во наредните три години по денот на монтажата на клима уредот нема да го демонтира истиот и нема да користи дрва, јаглен, фосилни или какви било други видови на нееколошки горива за затполување на станбениот простор во кој ќе биде монтиран уредот, како и дека е согласен во тој период од три години да се вршат контроли од страна на Општина Василево во станбениот простор во кој ќе биде монтиран уредот, а во спротивно дека е согласен да го врати на Општина Василево износот на искористената субвенција.Доколку корисникот на субвенцијата не ја достави изјавата од ставот 1 на овој член, истиот ќе го изгуби правото на субвенција и Општина Василево нема да има обврска за исплата на средствата.

Член 9

Надзор над преземените обврски со изјавата од член 7 став 2 од оваа одлука ќе врши раководителот на одделението за комунални работи и уредување на градежно земјиште од Општина Василево.

Член 10

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општината Василево“.

08-495/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за донесување на Акционен план за ставање под контрола на вектор - преносливите заболувања со примена на краткорочни и долгорочни мерки во Општина Василево.

Се објавува Одлуката за донесување на Акционен план за ставање под контрола на вектор - преносливите заболувања со примена на краткорочни и долгорочни мерки во Општина Василево, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година

08-496/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

О Д Л У К А

За донесување на Акционен план за ставање под контрола на вектор -преносливите заболувања со примена на краткорочни и долгорочни мерки во Општина Василево.

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Акционен план за ставање под контрола на вектор -преносливите заболувања со примена на краткорочни и долгорочни мерки во Општина Василево.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-496/1 Совет на Општина
31.03.2022 Василево
Година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2022 година

Се објавува Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2022 година, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-497/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15,37/16 и „Службен весник на РСМ“ БР.257/20), член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020) Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2022 ГОДИНА

Вовед

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на РСМ“ БР.257/20), заштитата на населението од заразни болест претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки. По потреба се спроведуваат и вонредни мерки. Епидемиолошкиот надзор го организираат спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје.

Овие мерки вклучуваат:

1.Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;

2.Отстранување на отпадните води и цврстите отпадни материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;

3.Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти: (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);

4.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;

5.Обезбедување на превентивно- промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести- поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување на заразни болести;
4. Епидемиолошки испитувања;
5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;

6. Карантин и здравствен надзор;
7. Здравствені прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
8. Имунизација и хемиопрофилакса;
9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисијата за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

Активности

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и други заболувања на територијата на општина Василево.

Општите мерки и активности ги организира и следи општина Василево, во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје-Струмица. За заштита на населението од заразни болести во општина Василево, во 2022 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

1.Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата од регионалните водоводи и водоводите кои се во сопственост на МЗ;

2.Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи;

3.Отстранување на цврстиот отпад, на отпад од вишок на земјоделски производи и отпадните води, на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;

4.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено – технички мерки во населени места и други јавни површини;

5.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

1.1 Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата од регионалните водоводи во Општина Василево во 2021 година ќе продолжи да врши ЈЗУ Центар за јавно здравје - Струмица. Редовниот мониторинг се спроведува еднаш месечно се зимаат примероци од регионалните водоводи и од водоводите со кои стопанисуваат МЗ. Месечните извештаи за исправност се доствуваат до Општината, од кои се гледа исправноста на водата за пиење. Доколку извештаите се негативни Општината презема мерки за отстранување на истите и за доведување на водата во исправна состојба за пиење.

2.1.Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи. Децата и учениците се

најосетливата категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања се вршат и редовните контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје. Врз основа на теренските увиди сите училишта и градинки добиваат извештај за најдената состојба, со предлог мерки за подобрување доколку е потребно. Секоја година пред почетокот на учебната година се изведува ДДД во училшните простории и предучилишните установи а по потреба и во текот на учебната година

3.1.Правилно и навремено отстранување на цврст отпад, вишок на производи од земјоделски култури и отпадни води Според Одлуката за комунален ред на општина Василево, организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши Јавното претпријатие „Турија " Василево. Населените места во Општина Василево не се целосно покриени со канализациска мрежа (фекална и атмосферска) и затоа за одредени канализациони мрежи се грижи Јавното претпријатие „Турија "Василево а за оние кои не се под ЈП, се грижат МЗ од населените места од несовесното користење на канализацијата од граѓаните.

Контролни мерки:
-Изготвување на флаери и плакати за правилна дистрибуција на цврстиот отпад. Флаерите да се дистрибуираат со сметките за вода и отстранување на отпадот, а плакатите да се постават на регуларни места и на контејнерите за отпад.

4.1.Спроведување на превентивна дезинфекција,дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини. Законот за заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизацја во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи, зелени пазари, канализации, депонии и друго. Спроведувањето на ДДД во установите и другите јавни објекти ќе се врши врз основа на побарувања или склучени договори помеѓу ЈЗУ и ЦЈЗ Струмица или други правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со закон и прописите донесени врз основа на него и корисниците на овие услуги. Препораки за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација би биле: вршење на превентивна дезинсекција на критични точки во населени места каде што има настанато диви депонии на цврст отпад од домаќинствата или вишок на земјоделски производи.

Р.бр	**КРИТИЧНИ МЕСТА**
1.	По течението на река Струмечница од с.Дукатино до с.Пиперево
2.	По течението на река Турија од атарот на с.Доброшинци до с.Пиперево
3.	Регионална депонија во Доброшинци

Овие активности ќе се спроведат во согласност со Акциониот план доставен од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Струмица кој е прилог на Програмата.

5.1.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението. Општината во соработка со Центарот за јавно здравје ке го

планираат и организираат спроведувањето на промоција на здравјето и превенцијата од заразни болести. Во зависност од случувањата ќе се спроведуваат и типизирани предавања на учениците од основното и средното образование за заштита од заразни болести.

Финансирање

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Василево за 2022 година, според програмата средствата за дезинсекција и дератизација во висина од 250.000,00 денари.

Известување

Известувањето и информирање на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, локалните медиуми, соработка на општината со МЗ, здружение на пчелари итн, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот и начинот на изведување.

Мониторинг

Покрај претставник од локалната самоуправа мониторинг над спроведувањето на превентивните активности на општина Василево за заштита на населението од заразни болести ќе врши и претставник од Центарот за јавно здравје како и претставник од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Василево.

08-497/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
година Претседател

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Ново Село

Се објавува Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Ново Село, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 30.03.2022 година.

08-498/2 Општина Василево
31.03.2022 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработака (Службен Весник на РМ бр. 79/09), член 14 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 05/2002) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на општина Василево на седница одржана на 30.03.2022 година донесе

О Д Л У К А

За утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Ново Село

Член 1

Советот на општина Василево утврдува предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Ново Село. Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработака е покренат од Градоначалникот на општина Василево бр.08-398/1 од 16.03.2022година.

Член 2

Меѓуопштинска соработка ќе се остварува со вршење на определени работи од страна на општина Ново Село за општина Василево.

Член 3

Работи кои општина Ново Село ќе ги извршува за општина Василево се од областа на располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија. (Односно вработено лице во општина Ново Село со овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија да биде член на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање и да врши други работи од областа на располагање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија).

Член 4

Работите и работните задачи што ги извршува вработеното лице во општина Ново Село кое е со овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија да ги врши во име и за сметка на општина Василево.

Член 5

Општина Ново Село работите од областа на располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Василево да ги извршува за време од 1(една) година.

Член 6

Општина Василево работите од областа на располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Василево да извршува додека вработените во Општина Ново Село не се стекнат со овластување за управување со градежно земјиште.

Член 7

За работното ангажирање на вработеното лице од општина Ново село, Општина Василево се обврзува да исплаќа финансиски средства за патни и дневни трошоци, согласно законските прописи.

Член 8

За вршење на работите од членот 3 на оваа одлука Општина Василево со Општина Ново Село ќе склучат договор со кој поконкретно ќе се утврди видот на работите, извршителот на работите, начинот на извршувањето и висината на надоместокот за извршените работи. Договорот ќе го склучат Градоначалникот на општина Ново Село и Градоначалникот на општина Василево.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави

во „Службен гласник на општина Василево“.

08-498/1 Совет на општина
31.03.2022 Василево
Година Претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на АД Водостопанство на РМ-Скопје, подружница “Струмичко Поле” Струмица за 2022 година

